# ВИДЕО: „Визија Скопје“ покажа како би личел плоштадот во Скопје ако останеа дрвјата

13/10/2019 - 15:12 15,116

Од: **Маја Илиевска-Пачемска**

SHARE

На плоштадот Македонија во Скопје викендов граѓаните имаа уникатна можност преку слики нацртани на тенка проѕирна пластика место на платно, да видат како би личел најстрогиот центар на Скопје ако место споменици останеа дрвјата, ако големата фонтана имаше друга намена или ако на врвот на постаментот не стоеше воин на коњ. Поинаквиот поглед на Скопје со порака дека на градот му требаат повеќе дрвја е дело на уметниците Јана Јакимовска и Ненад Тоникин преку проектот „Визија Скопје“. Тие преку употреба на визир – скици, кои два дена останаа на Плоштадот, понудија поинакви решенија за просторот за кој сметаат дека е узурпиран.